ООУ"ДРАГА СТОЈАНОВСКА"С.РАКОТИНЦИ-СОПИШТЕ

SH.F.Q"DRAGA STOJANOVSKA"f.Rakotincë-Sopishtë

---

# КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

## во ООУ„ Драга Стојановска“ с.Ракотинци – Сопиште за учебната 2020/2021 година

***На учениците пред влезот на училиштето, им се мери телесна температура со безконтактен топломер. Во случај на покачена телесна температура (над 37.4°) не се дозволува влез на ученикот во училиште и родителот се упатува на консултација кај матичниот лекар на ученикот. Децата со знаци на други заразни болести исто така не смеат да доаѓаат на училиште.**

*** Учениците при влегување во училиште, за време на престојот во училиште и за време на наставата задолжително ја почитуваат мерката за физичка дистанца од најмалку 1,5 метар и носат заштитна маска/покривка на лице, освен кога се на отворено во училишниот двор со одржување на препорачаната дистанца.**

*** На секој влез од училиштето учениците ги пречекува дежурен наставник, кој се грижи ученикот да ги дезинфицира обувките и рацете, односно му помага на ученикот да ги дезинфицира рацете со дезинфекционо средство.**

*** Учениците носат оброк/храна од дома или доколку е можно за организација, оброкот што го обезбедува училиштето треба да биде соодветно спакуван или готов производ, притоа водејќи сметка за стандардите и нормативите за исхрана за оваа категорија на деца.**

*** Учениците оброкот го консумираат во училницата во која реализираат настава и само тогаш им е дозволено да ја отстранат маската/прекривката од лице во училница.**

*** Учениците ги мијат рацете пред и по јадење, пред и по употреба на тоалет, пред и по доаѓање од надвор и кога рацете изгледаат валкани.**

*** Ако ученик развие симптоми на КОВИД-19 додека е во училиште, наставникот/стручниот соработник го изолира ученикот во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска/прекривка и веднаш ги известува родителите/старателите, кои во најкраток временски период треба да го земат детето со цел консултација и натамошни активности со матичниот лекар на ученикот.**

*** Учениците се должни да ја посетуваат наставата редовно (со физичко присутво или учење од далечина, како и да ги извршуваат сите обвски утврдени со Годишната Програма за работењето на училиштето.**
*** Во училиштето се доаѓа на време, без задоцнување, задоцнувањето се смета како неоправдано отсуствување.**
*** Отсуствувањето од часови ученикот или родителот се должни да го оправдаат во рок од најмногу 8 дена, во спротивно ќе се сметаат за неоправдани.**
*** Стого е забрането носење на оружје и предмети во училиштето, со кои би можело да се повредат другите.**
*** Строго е забрането носење и конзумирање на алкохол, цигари и дрога во објектот и дворот на училиштето.**
*** Забрането е и казниво фрлање на петарди во објектот и дворот на училиштето.**
*** Казниво е секакво физичко и психичко малтертирање и предизвикување на тепачки, како и учествувањето во истите.**
*** Учениците се должни да се почитуваат меѓусебно, како и да ги почитуваат наставниците, вработените во училиштето и возрасните.**
*** Задолжително е учениците да ги почитуваат учениците од друга нација и вероисповед.**
*** Забрането е навредување и омаловажување на учениците на основа на материјалниот и социјалниот статус.**
***Постарите ученици имаат обврска да ги заштитуваат помладите ученици и меѓусебно да се почитуваат.**
*** Најстрого е забрането изнудување на пари или други предмети од учениците.**
*** Се казнува допишување на оценки и други податоци во дневникот, како и во ученичката книшка.**
*** Строго е забрането и казниво уништувањето на училишниот имот, пишувањето по ѕидовите, шкртање по маси и столови и слично.**
*** Забрането е и казниво да се снима со мобилен телефон, да се снимаат ученици или пак тепачки помеѓу нив.**
*** Ученикот го претставува училиштето и кога не е во неговите простории и треба да знае дека тоа неговото однесување го зголемува или намалува угледот на училиштето.**
*** На училиште се доаѓа чист,исчешлан и во гардероба која е соодветна за возраста .**
***Учениците не треба да се огледуваат на лоши примери, има многу позитивни примери за идентификација.**
*** Учениците би требало да развиваат позитивни особини на личноста како што се: несебичност, чесност, искреност...**
***Препорачливо е книгите од училишната библиотека да се враќаат навреме, во дадениот рок и во состојба каква што биле кога се земале.**
*** Ученикот има обврска редовно да посетува настава и да биде мисловно вклучен во наставниот процес.**
*** Неприфатливо е зборување и пречење во текот на наставата.**
***Часот не е наменет за консумирање на јадење и пијалоци, за тоа е предвиден одморот.**
*** Забрането е користење на мобилни телефони, и плеери во текот на наставата. Доколку некој од учениците го користи, наставникот има право да му**

**го одземе,да го однесе кај Директорот или педагошко-психолошката служба, каде ќе остане се додека не дојде родителот да гоземе.**

***Казниво е препишувањето на контролните и писмени задачи, како и секакво друго однесување со кое може да им се наштети на останатите ученици.**

*** На час треба пристојно да се седи, а не да се лула во столчето, да се лежи на клупата и слично.**

*** Учениците кои имаат незадоволителни оценки, треба да посетуваат дополнителна настава, поради свое добро.**

*** Не треба да се одбегнуваат часовите по физичко воспитување, ниту да се изнаоѓаат изговори и оправдувања за да не се следат инструкции на часот по физичко воспитување.**

| | |
|---|---|
| **Изготвиле** | **Директор** |
| **Стручна служба** | **м-р Јасмина Паметковска** |
| | __________________________ |

ООУ"ДРАГА СТОЈАНОВСКА"С.РАКОТИНЦИ-СОПИШТЕ

SH.F.Q"DRAGA STOJANOVSKA"f.Rakotincë-Sopishtë

---

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ОДМОРОТ

## во ООУ„ Драга Стојановска“ с.Ракотинци – Сопиште за учебната 2020/2021 година

*** За време на пандемијата од КОВИД -19 учениците остануваат во училницата.**

*** Во училиштето треба да се влегува во ред и без туркање.**

*** Строго се забранува трчање по ходниците и скалилата.**

*** Учениците треба во ред да го чекаат почетокот на часот пред училницата, а не да седат и лежат по ходниците.**

*** Забрането е да се грабнува ужината и да се фрла низ ходниците и училишниот двор.**

*** Училишниот Тоалет треба да служи за својата намена, а не за собирање на учениците во него.**

*** Казниво е непристојно допирање со кое се навредува личноста на друг ученик.**

*** Треба да се избегнува излегувањето во дворот за време на малиот одмор**

**Изготвиле** — **Директор**

**Стручна служба** — **м-р Јасмина Паметковска**

______________________

ООУ"ДРАГА СТОЈАНОВСКА"С.РАКОТИНЦИ-СОПИШТЕ

SH.F.Q"DRAGA STOJANOVSKA"f.Rakotincë-Sopishtë

---

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТАТА

## во ООУ„ Драга Стојановска“ с.Ракотинци – Сопиште за учебната 2020/2021 година

*** Вработените при влезот во училиште задолжително ги дезинфицираат обувките и рацете.**

***На сите вработени им се мери телесна температура пред влезот на училиштето со безконтактен топломер и во случај на зголемена температура (над 37.4°) вработениот се упатува кај матичен лекар.**

*** Наставата во училница се изведува со најмногу до 20 ученици во училница и обезбедено физичко растојание од 1,5 метри помеѓу учениците и наставникот и учениците.**

*** Доколку наставата се реализира на отворено во училишниот двор, се препорачува да не се носат маски/прекривки на лицето, но да се почитува задолжително препорачаната физичка дистанца помеѓу ученик-ученик и наставник-ученик од најмалку 1,5 метри.**

*** Доколку во училиштето се појави заболен од КОВИД-19 или лице кое имало контакт со лице заболено од КОВИД-19,лицето треба да се изолира во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска/прекривка, а**

**директорот треба да воспостави комуникација со Центарот за јавно здравје за добивање на понатамошни насоки за постапување. За преземените активности училиштето доставува извештај до општината, а општината до Министерството за образование и наука.**

*** Обврска на наставниците е да држат часови од редовна, дополнителна и додатна настава со физичко присутво на учениците или учење од далечина.**

*** Пренесувањето на информациите и состаноците со родителите/старателите се одвива преку телефон или преку некоја онлајн апликација којашто ќе ја договорат родителите и наставниците.**

*** Наставниците не смеат да доцнат на час.**

*** Наставниците мораат редовно да дежураат по ходниците, како би се подигнала безбедноста на учениците на повисоко ниво и се почитуваат протоколите за заштита на здравјето.**

*** Наставниците во училиштето треба да доаѓаат уредни и чисти. Облеката треба да биде прикладно - не смее да се доаѓа во кратки сукњи, кратки маици, маици на прерамки, ниту во облека со многу длабок израз. Во тренерки смеат да доаѓаат само наставниците по физичко образование.**

*** Наставниците мора да бидат способни да го одржат редот на часот, за да можат учениците да ги слушаат предавањата и објаснувањата.**

*** Наставниците не смеат да им викаат на учениците.**

*** Наставниците не смеат да ги отстрануваат учениците од час (за оние со физичко присуство), доколку ученикот ја попречува наставата, треба да се прати кај педагошко- психолошката служба или кај директорот.**

*** Наставниците треба да ја прилагодат наставата кон учениците и да им објаснат се што не им е јасно.**

*** Наставниците треба да ја почитуваат личноста на ученикот, несмеат да навредуваат,  да ги исмејуваат пред одделението, да ги дискриминираат по било која основа, ниту да изразуваат реваншизам.Сите ученици треба да бидат, рамноправни, наставниците несмеат да фаворизираат определени ученици.**

*** Секое напредување и резултат или успех кој ученикот ќе го постигне, треба да се пофали, наставникот неможе да го омаловажува успехот на ученикот ако не ги задоволува критериумите кои наставникот ги поставил.**

*** Во работата со учениците, наставникот мора да изрази толеранција, да им овозможи секаква помош која им е потребна и да ги охрабрува учениците.**

*** Дежурниот наставник мора совесно да ја извршува својата должност, правовремено да реагира за да се одбегнуваат тепачките меѓу учениците, да води сметка за тоа кој влегува и излегува од училиштето.**

| | |
|---|---|
| **Изготвиле** | **Директор** |
| **Стручна служба** | **м-р Јасмина Паметковска** |
| | __________________________ |

**ООУ"ДРАГА СТОЈАНОВСКА"С.РАКОТИНЦИ-СОПИШТЕ**

**SH.F.Q"DRAGA STOJANOVSKA"f.Rakotincë-Sopishtë**

---

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ

## во ООУ„ Драга Стојановска“ с.Ракотинци – Сопиште за учебната 2020/2021 година

*** Родителите /старателите ги испраќаат учениците до назначениот влез на училиштето и се забранува нивно влегување во училиштето, освен за родителите/старателите/образовните асистенти на учениците со посебни образовни потреби со задолжително носење на маска/прекривка на лицето.**

*** Пренесувањето на информациите и состаноците со родителите/старателите се одвива преку телефон или преку некоја онлајн апликација којашто ќе ја договорат родителите и наставниците.**

*** Родителот или старателот е должен своето дете редовно да го праќа во училиште или да ја следи наставата од далечина.**

***Родителот е должен редовно да го следи успехот, учењето и поведението на своето дете.**

*** Соработката со училиштето треба да биде редовна, а не само пред крајот на полугодието или крајот на учебната година.**

*** Родителот треба да соработува со одделенскиот/ класниот наставник, да го информира за изостаноците на уценикот како и за индивидуалните карактеристики на своето дете.**

*** Родителот треба да ги почитува наставниците и останатите вработени во училиштето, а тоа да го пренесе и на своето дете.**

*** Во контактот со наставниците, родителот треба да покаже почит, физичките и вербални напади се забранети.**

*** Родителот е должен да се придржува кон термините предвидени за индивидуални разговори, неможе да инсистира наставникот да го прими во некој друг термин, освен во случај да се работи за нешто итно и неодложно.**

***Родителот треба да ги почитува налозите и предлозите на дежурниот наставник, како и куќниот ред на училиштето.**

*** Родителот треба да соработува со предметните наставници.**

*** Обврска на родителот е да доаѓа на родителските состаноци.**

*** Пожелно е родителите да му помагаат на училиштето во остварувањето на воспитниот процес и планираните задачи, како и во настојувањето да се подобрат условите за работа.**

*** Сите лица кои не се вработени ниту ученици во училиштето, должни се на вратата на училиштето да се легитимираат, или да покажат службена покана или друга исправа за идентификација.**

*** Родителите, ниту останати лица несмеат да се задржуваат по ходниците на училиштето, ниту смеат да го попречуваат работењето, туку од страна на дежурното лице да се упатуваат во просторијата за прием или одредена канцеларија.**

*** Родителите треба да се запознаат со правилата на однесување во училиштето и да го мотивираат своето дете тие правила да ги прифати.**

| | |
|---|---|
| **Изготвиле** | **Директор** |
| **Стручна служба** | **м-р Јасмина Паметковска** |
| | __________________________ |